**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.06.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: м-р Алма Машовиќ** (оправдано отсутна, годишен одмор), **д-р Милаим Фетаи** (оправдано отсутен, службено патување во странство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** Весна Симоновска, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 08:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со предложениот Дневен ред, информира дека Точката бр.2 „Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување", се повлекува, бидејќи радиодифузерот во текот на вчерашниот ден, во целост го платил годишниот надоместок.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.06.2017 година.

2. Предлог-одлука за исплата на средства за ИПА-ТАИБ 2011.

3. Разно.

**Точка 1**

Советот, го разгледа и едногласно, со пет гласа „за", го усвои предложениот Записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.06.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи предложената одлука за исплата на средства за ИПА-ТАИБ 2011. Објасни дека од проектот за набавка на опрема за системот за надгледување на содржините на медиумите за Агенцијата, останата е уште една рата. Во таа насока, Агенцијата треба да изврши уплата во износ од 2.500,00 евра во

денарска противвредност, така што со тоа завршуваат финансиските обврски на Агенцијата што ги има за реализација за овој ИПА проект.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-2923/2 од 29.06.2017 година поднесен од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за донесување одлука за исплата на средства за проектот „Набавка на опрема за системот за надгледување на содржината на медиумите за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ (Supply of equipment for the system for monitoring media content (SMMC) for the pupposes of the Agency for Audio and Audiovisual Media Services)", во износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност на денот на конверзија.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, исплатата на средствата да ја изврши согласно Договорот за обезбедување на национално кофинансирање за проектите финансирани од првата компонента од Инструментот за претпристапна помош – ИПА под децентрализиран систем за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА (бр.27-13419/1 од 27.03.2013 и бр.03-1533/1 од 03.04.2013 година).

Трансферот на горенаведените средства треба да се изврши на 30.06.2017 година, најдоцна до 10.00 часот

**Точка 3**

**Разно.**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-2949/3**
**05.07 2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**